# СТРАТЕГИЈА ЗА ДИСЕМИНАЦИЈА 2014 – 2016

## Вовед

Официјалните статистички податоци имаат фундаментална улога во современото општество. Навремените, целосни, квалитетни, разбирливи и меѓународно споредливи статистички податоци се основа за различни анализи и се дел од процесите на одлучување на различни нивоа. Имајќи го ова предвид, Државниот завод за статистика прави континуирани напори за обезбедување на ефикасна дисеминација на своите производи и услуги.

За да се обезбеди расположливост и достапност на статистичките информации во согласност со потребите на корисниците, подготвена е Стратегија за дисеминација што го опфаќа периодот 2014 - 2016.

Стратегијата за дисеминација на податоците и услугите на Државниот завод за статистика се заснова на Законот за државната статистика, Стратешкиот план за периодот 2014-2016, како и на други документи со кои е планиран развојот на официјалната статистика.

**Цели на стратегијата**

Главна цел на оваа Стратегија е да се обезбедат дисеминациони продукти и услуги коишто ќе ги исполнат современите потреби на различни групи корисници на официјалните статистички податоци.

Оваа цел ќе се постигне преку:

1. Осовременување на начинот на дисеминација на статистичките податоци и информации
2. Зајакната комуникација со корисниците
3. Зајакната доверба кон официјалните статистички податоци

## 1. Осовременување на начинот на дисеминација на статистичките податоци и информации

- **Податоци и информации на веб- страната за различни групи на корисници**

Веб-страницата на Државниот завод за статистика е главниот канал за дисеминација на статистичките податоци и информации. Со својот изглед и функционалности тие информации се прилагодени за различни групи на корисници вклучувајќи ги и новите категории на корисници создадени во дигиталната ера, веб-страницата понатаму ќе се развива во насока содржините да бидат употребливи и за мобилни уреди.

Статистичките податоци на веб-страницата се достапни во различни формати кои понатаму ќе се развиваат.

- **Базата на податоци главен формат за објавување на статистички податоци**

Базата на податоци на веб-страната (МАКСтат) е главниот формат за објавување на статистичките податоци од статистичките истражувања каде корисниците можат да ги најдат деталните податоци по области поддржани со соодветни методолошки и други информации. Корисниците ќе можат бараните податоци да ги преземат во соодветен формат избран од нив.

Датумот на објавувањето во  базата на податоци ќе биде објавен во календарот на објавување.

- **Пристап до микроподатоци**

Државниот завод за статистика, во своите простории и во согласност со правилата и процедурите за користење на анонимизирани податоци, на корисниците ќе им овозможи пристап до подетални податоци од различни области во согласност со политиката за пристап до микроподатоци.

- **Подобрување на содржината на дисеминационите продукти и услуги во согласност со потребите на корисниците**

Државниот завод за статистика постојано ќе ги следи потребите на корисниците и ќе ги зголемува постоечкиот фонд на објавени официјални статистички податоци и информации преку подобрување на содржините на постоечките публикации и услуги, воведување на нови статистички публикации и брошури, продукција на аналитички публикации за различни теми и продукција на повеќе интегрални изданија. Публикациите ќе содржат објективни и непристрасни коментари и лесно разбирливи графикони и тематски карти.

Државниот завод за статистика ќе ги информира корисниците на кој начин можат најбрзо и најлесно да ја добијат бараната информација. Ако корисниците имаат специфични потреби, Државниот завод за статистика ќе подготвува податоци според нивните барања, а во согласност со правните акти.

Државниот завод за статистика ќе го намали бројот на печатени публикации.

Следејќи ги потребите на младите генерации и заради приближување на статистичките податоци и информации до нив, ќе се подготвуваат електронски публикации достапни за мобилните уреди.

- **Користење на кориснички ориентирани алатки**

Државниот завод за статистика ќе продолжи да воведува нови алатки, вклучително и интерактивни алатки за графички и картографски прикази кои на корисникот ќе му овозможат на брз и ефикасен начин да ги следи појавите и трендовите.

## 2. Зајакната комуникација со корисниците

- **Континуирано мерење на потребите и задоволството на корисниците**

Креирањето и одржувањето на добрата соработка со јавноста, корисниците и давателите на податоци, е клучна алка во обезбедувањето на соодветни статистички податоци кои ќе ги задоволат нивните потреби. Државниот завод за статистика редовно ќе ја спроведува Анкетата за мерење на задоволството на корисниците.

- **Зголемена комуникација со корисниците**

Државниот завод за статистика ќе ја зајакнува комуникацијата со различните групи на корисници. Заводот ќе ги следи и ќе ги анализира потребите на корисниците во однос на статистичките податоци и услуги. Заводот ќе ги информира за новите продукти и услуги, за најновите објави на соопштенија, публикации и во базата на податоци. Во таа комуникација посебно внимание ќе се посвети на новинарите и студентите.

- **Зголемена застапеност на статистичките податоци во социјалните медиуми**

Со оглед на важноста на социјалните медиуми во секојдневниот живот, Државниот завод за статистика ќе развива форми за зголемување на застапеноста на статистичките податоци и информации на социјалните медиуми.

## 3. Зајакната доверба кон официјалните статистички податоци

- **Заштита на индивидуалните податоци**

На заштитата на индивидуалните податоци, како еден од важните принципи на статистиката, Државниот завод за статистика посветува посебно внимание во целиот процес на прибирање, обработка и дисеминација на статистичките податоци. Заводот ќе обезбеди заштита на индивидуалните податоци во различните дисеминациони продукти и нови формати на дисеминација на податоците со користење на соодветни методи.

- **Зајакнување на статистичката писменост на корисницте**

Подобрувањето на статистичката писменост е од голема важност за разбирање и употреба на статистичките податоци и информации. Државниот завод за статистика ќе дефинира програма за едуцирање на различните групи на корисници.

- **Доверба во државната статистика**

Заради зајакнување на националниот статистички систем и важноста на официјалните статистички податоци, Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем ќе работи на понатамошно промовирање на официјалната статистика и стандардите (класификациите, методологиите и принципите на работа) преку своите дисеминациони медиуми.